РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СООПШТЕНИЕ**

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошен текст: Регулаторна комисија за енергетика) врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7, а во врска со член 29 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) е должна да донесе тарифни системи за пренос и дистрибуција на електрична енергија, како и за услугите што ги обезбедува операторот на пазарот на електрична енергија.

Со оглед на одлуката на Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на COVID-19 и пандемијата прогласена од Светската здравствена организација, Регулаторната комисија за енергетика одлучи да не се одржуваат подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни да оди по електронски пат.

Со ова Соопштение Ве известуваме дека на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика, www.erc.org.mk во делот новости/соопштенија е објавен Предлог Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Заинтересираните правни и физички лица, можат да ги доставаат забелешките и коментарите во врска со објавениот Предлог Тарифен систем најдоцна до понеделник 2.11.2020 година, до 16:30 часот, во Регулаторната комисија за енергетика преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

Со почит,

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk